БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 124/0202
15.11 2023 год.
СКОПЈЕ

БОРЕЧКАТА ФДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 38 и 39 , од Статутот на Боречката Федерација на Северна Македонија , Управениот Одбор на седница одржана на 15.11.2023 година,донесе:

ПРАВИЛНИК

ЗА РЕГИСТАЦИЈА НА БОРЕЧКИТЕ КЛУБОВИ И НИВНИТЕ ЧЛЕНОВИ ВО БОРЕЧКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат правилата, условите и постапките за регистрација на натпреварувачите, тренерите, начинот на премин на натпреварувачи во друг клуб и нивно право на настап на натпреварите во Боречката Федерација на Северна Македонија, надомест за натпреваувачите и договор помеѓу натпреварувачите и клубот.

Член 2

Со извршена регистрација во Борречка Федерација на Северна Македонија(во понатамошниот текст БФСМ), борачите и боречките клубовите се стекнуваат со сите права и обврски кои произлегуваат од Статутот, актите на БФСМ и овој Правилник.

Член 3

Регистрацијата се спроведува врз основа на утврдени обрасци, натпреварувачки картички и матична книга за водење на евиденција на регистрација на боречки клубови и нивните членови.

Формата и содржината на обрасците, натпреварувачките картички и матичната книга за водење на евиденција на боречките клубови и нивните членови ги утврдува Управниот Одбор на БФСМ и се дел од овој Правилник. Управниот Одбор на БФСМ ја утврдува висината на таксите за годишната регистрација , пререгистрација на клубовите и натпреварувачите, како и таксите за приговори и жалби.

Член 4

Само регистрирани клубови и борачи на истите клубови имаат право да учествуваат на натпреварите кои се во организација на БФСМ согласно натпреварувачкиот календар.

Член 5

Регистрацијата на боречките клубови и нивните членови, евидентирање на склучените договори (клуб, натпреварувач-борач, тренер и др.) се води во канцеларијата на БФСМ, во Матична книга за евиденција за регистрација.

Матичната евиденција се води во електронска и пишана форма, истата евиденција ја води стручно лице на федерацијата.

Регистрацијата на боречките клубови и нивните членови на БФСМ, ги врши комисијата за регистрација(во понатамошен текст комисија).Против одлуките на комисијата за регистрација, боречките клубови и нивните членови, имаат право на жалба до Управниот Одбор на БФСМ, во рок од 8 (осум) дена од добивањето на одлуката или извршената регистрација.

Член 6

Во канцеларијата на БФСМ се води Матична евиденција на клубовите и нивните членови која ги содржи следните податоци:

- Име и презиме на натпреарувачот,
- Единствен матичен број,
- Ден, месец и година на раѓање,
- Адреса на живеење,
- Клуб за кој што е регистриран,
- Број на натпреварувачка картичка.

Член 7

За регистрација и пререгистрација на натпреваувачи во БФСМ, клубовите плаќаат такса за тековната натпреварувачка година во износ од 300,00 ден од натпреварувачка картичка, а за изгубена и за издавање на нова картичка се плаќа административна такса од 1000 ден.

Член 8

Настап на борачите од Македонија во странство и странски борачи кои добиле државјанство во РСМ, може да се ограничи со цел за заштита на интересите на македонското борење, а за условите за нивно регистрирање во домашен клуб одлуката ја носи Управен Одбор.

2.РЕГИСТРАЦИЈА НА БОРЕЧКИТЕ КЛУБОВИ И НИВНИТЕ ЧЛЕНОВИ

2.1 РЕГИСТРАЦИЈА НА КЛУБОВИ И ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

Член 9

За зачленување на боречките клубови во БФСМ, клубовите доставуваат писмено барање до Управен Одбор на БФСМ:

-Барање за зачленување во БФСМ (образец)
-Статут на клубот
-Решение од надлежниот орган (Централен Регистар на РСМ) за регистрација на боречкиот клуб
-Список на основачи на клубот
-Регистрација на најмалку 10 (десет) борачи и потврда за уплата на регистрација (300ден од натпреварувачка картичка)
-Податоци за тенерот (CV)
-Диплома за завршено стручно образование прв или втор циклус на студии-степен со назив тренер по борење
-Договор на клубот со тренерот
-Договор за менторство (доколку има помошен тренер)
-Договор за користење на спортска сала за обавување на тренажен процес
-Список на спортска опрема и реквизити што ги поседува клубот
-Програма за работа на клубот
-Потврда за уплата на такса за прием во членство во БРСМ од 30.000 ден. (триесет илјади денари).

Член 10

Регистрационата Комисија ги разгледува сите поднесени барања од клубовите, за регистрација, пререгистрација и доставените барања на натпреварувачи за премин во друг клуб.
Некомплетно доставени барања до комисијата согласно овој Правилник, комисијата нема обврска да ги разгледува.
Комисијата ја задржува доставената документација за регистрација-пререгистрација, а натпреварувачката картичка му се доставува на клубот кој ги поднел документите.

Член 11

Во случај на престанок со работа, клубот е должен да го извести Управниот Одбор на БФСМ.

Член 12

Членувањето на боречкиот клуб може да престане:

- По барање на клубот за истапување од членство на БФСМ, за што истиот е должен писмено да ја извести БФСМ
- Со одлка на Собрание на БФСМ за исклучување од понатомошно членство заради непочитување на нормативните акти на БФСМ
- Со бришење од евиденција заради немање спортски активности во организација на БФСМ од најмалку една година
- Со неизвршена пререгистрација на клубот и натпреварувачите во тековната година
- Поради неплаќање на годишна членарина или други финансиски обврски спрема БФСМ.

Член 13

Приемот и исклучувањето на клубовите е во надлежност на Собранието на БФСМ.
Боречкиот клуб кој поднел барање за прием, заедно со документите од чл.9, се стекнува со статус на привремен член согласно Статутот на БФСМ.
Одлука за привременото членство на боречкиот клуб донесува Управниот Одбор на БФСМ.

2.2 РЕГИСТРАЦИЈА НА БОРАЧИ И ДОКУМЕНТИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА

Член 14

Секое лице државјанин на Северна Македонија, може да се регистрира за боречки клуб под услови утврдени со овој Правилник.
По извршена регистрација борачот стекнува право за настап во клуб на натпревари во организација на БФСМ согласно одредбите од овој Правилник.
Секој натпреварувач (борач) мора да биде евидентиран во книгата за регистрација на БФСМ.

Член 15

Натпреварувачка картичка е документ со кој се потврдува дека натпреварувачот е регистриран во БФСМ за одреден клуб во тековната година.
За регистриран борач доказ е картичка на БФСМ во која има податоци за истиот со фотографија заверена од БФСМ и содржи:

- Име и презиме
- Датум на раѓање
- Фотографија
- Боречки клуб за кого настапува
- А со скенирање на картичката преку НФТ чип може да се видат подетлни информации како :Регистарски број и година за која важи регистрацијата и
- Документ за идентификација(извод,пасош или лична карта)
- Евиденција за извршен лекарски преглед со рок од шест месеци

Член 16

Борач кој е регистриран во еден клуб, нема право во тековната година да настапува за друг клуб.

Член 17

Борач од друга држава кој согласно Законот добива македонско државјанство, за регистрација во БФСМ треба да ја достави следната документација:

-Одлука од Управниот Одбор на БФСМ за настап на изборни и државни првенства во организација на БФСМ.

Борач од друга држава кој се стекнал со македонско државјанство, а не добил Согласност од Управниот Одбор на БФСМ согласно член 8 од овој правилник, дополнително треба да достави:

-Дозвола од неговата матична национална федерација за да може да се регистрира во БФСМ
-Потврда за евидентиран престој во Македонија не помал од 5 (пет) години
-Со барањето за регистрација во новиот клуб се врши уплата на такса од 6.000 ден (шест илјади денари) на сметката на БФСМ.

Член 18

Боречките клубови се должни секоја година да ја обнувуваат регистацијата-пререгистрација.
Регистрација за прв пат на натпреварувач се врши во текот на целата година, со уплата на годишната такса за регистрација.
Пререгистрација се врши од 15ти декември до 15ти јануари секоја година со уплата на годишната такса за регистрација-пререгистрација .
Со уплата на годишната такса за регистрација-пререгистрација, клубовите ги стекнуваат правата согласно Статутот и сите правилници на БФСМ.

Член 19

Борач за да настапи за друг клуб кој учествува на меѓународно клубско натпреварување може да настапи само со писмено Одобрение на клубот за кој е регистриран .

Член 20

Борач кој се натпреварувал за странска екипа во тековната година, нема право да учествува на натпреварите кои се во организација на БФСМ согласно натпреварувачкиот календар иако има заверена натпреварувачка картичка во тековната година за домашен клуб.

3.РЕГИСТРАЦИЈА И ОБНОВУВАЊЕ НА РЕГИСТРАЦИЈАТА

3.1 ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА

Член 21

За регистрација на натпреварувач кој се регистрира за прв пат, во канцеларија на БФСМ клубот доставува:

- Пријава за регистрација (образец), заверен со потпис и печат од клубот
- Фотокопија од извод од матична книга на родените (пасош или лична карта)
- Изјава од натпреварувачот дека сака да се регистира за клубот
- Две(2) фотографии кои не се постари од шест месеци
  Извршена уплата на такса за пререгистрација на натпреварувачот на сметката на БФСМ-**300000001698021-Депонент Комерцијална Банка** во износ од **300ден** по натпреварувачка картичка со назнака уплата на такса за регистрација.
- Лекарски преглед не постар од 6 месеци
- Кога ќе се завршат сите овие чекори, клубот го внесува борачот во електронскиот ситем на БФСМ.

За малолетните натпреварувачи изјавата од алинеа 3 од овој член ја потпшува неговиот родител-старател.
Документите со пријавата за регистрација, се доставуаат до Комисијата за Регистрација на БФСМ.

3.2 ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА НА БОРАЧИ

Член 22

Со барањето за преригестрација на борачите пред секоја натпреварувачка сезона се поднесува :

1. Образец-пререгистрација -список на борачи за кои се бара пререгистација со заверен потпис и печат од клубот (образецот мора да биде комплетно пополнет) се праќа во електронска форма WORD и образци.
2. Натпреварувачка картичка за борачите по список
3. Потврда за уплата на такса од такса на сметката на БФСМ-**300000001698021-Депонент Комерцијална Банка** во износ од **300ден** по натпреварувачка картичка со назнака уплата на такса за пререгистрација.
4. Доказ дека сите членови кои се пререгистрираат се внесени во електронскиот ситем на БФСМ со комплетни податоци (Име и Презиме, Датум на рагање, документ за идентификација,фотографија,Лекарски преглед не постар од 6 месеци)

4.3 ПРЕМИН ВО ДРУГ КЛУБ

Член 23

Барањата на борачи за премин во друг клуб до регистрационата комисија на БФСМ се доставуваат од 15ти до 30ти декември тековната година, со Барањето се доставува:

-Своерачно потполнет и потпишан образец -Барање за премин во друг клуб.

-Своерачно потполнет и потпишан образец -Барање за пристапница во нов клуб.

-Исписница од клубот, со потврда за регулирани меѓусебни договори (доколку ги има).
-Доколку клубот не издаде исписница, натпреварувачот е должен да достави копија од Барањето за исписница со потврда за испратена препорачана пошта.
-Договор потпишан од новиот клуб и борачот (доколку го има).
- Една(1) форографија, која не е постара од 6 (шест) месеци.

За премин во друг клуб потребно е потврда за уплатена такса на сметката на БФСМ-**300000001698021-Депонент Комерцијална Банка** во иснос од **15.000 ден** (петнаесет илјади денари) со назнака уплата на такса за премин во друг клуб.
Барањата доставени по пошта, нема да се земаат во предвид за регистрација на борачите.

Член 24

Борачот кој сака да го промени клубот мора да поседува исписница, клубот е должен да му ја издаде ако се исполнети пропишаните услови предвидени со овој Правилник и остнатите акти на БФСМ, како и условите од договорот помеѓу клубот и борачот.
Еден примерок од договорот да се достави до Регистрациона Комисија на БФСМ.
Договорите се потпишуваат за време на преодниот рок.
Матичниот клуб е должен во рок од 8 (осум) дена да му издаде Исписница и натпреварувачката книшка или негативен одговор, наведувајќи ги причините и обврските кои треба да бидат исполнети за добивање на исписница.
Исписницата со податоците на барателите треба да биде заверена со печат и потпис од клубот.
Ако матичниот клуб не издаде исписница, доколку натпреварувачот приложи доказ дека поднел барање за исписница , регистрационата комисија ќе го пререгистрира според одредбите на вој Правилник.
Во случај клубот да го одбие да издаде Исписница, доколку борачот смета дека одбивањето е неправилно, барателот- борач може да се обрати до Комисијата за Регистрација на БФСМ, комисијата ќе одлучи според ставот на Управниот Одбор на БФСМ.

Член 25

Со испишувањето од клубот, на борачот му престануваат сите права и обврски кон клубот.

Член 26

Осум дена по извршената регистација, борачот има право да настапува за клубот за кој е регистриран.

Член 27

Суспендиран или казнет борач може да се регистрира за друг клуб со право на настап по истекот на суспензијата или плаќање на казната.
Борачот нема право да бара исписница во случај на направен прекршок најмалку 10 дена од настанатиот прекршок.

Член 28

Ако два или повеќе клубови се спојат во еден, борачите имаат право на настап веднаш по извршената регистрација во тој клуб.
Сите борачи кои во рок од 8 дена од настаната промена по претходниот став кои ќе побараат да бидат регистрирани за друг клуб, имаат право на настап по изминати осум (8) дена.

Член 29

Борач кој не е регистриран и не настапува за ниден клуб од една и повеќе години, има право во предвидениот преоден рок да се регистрира за клуб без исписница и обештетување.
Право на настап има осум(8) дена по извршена регистрацијата.

Член 30

Против секоја регистрација на борач, може да се поднесе приговор, а особено ако :

1. Борачот наведе неточни податоци во пријавата
2. Истовремено поднесе Изјава и Пристапница за членство во два клуба
3. Не ги исполни сите обврски кон матичниот клуб
4. Ако постојат и други оправдани причини.

Член 31

Приговор од прв степен се доставува до Регистрационата Комисија во рок од 8 (осум) дена по објавувањето на извршената регистрација, Приговор примен после тој рок ќе се смета за застарен.

Ако приговорот е основан, регистацијата ќе биде поништена.

Во случај на не подмирени материјални обврски на борачот према поранешниот клуб, комисијата ќе го задолжи во рок од три(3) дена да ги подмири обврските, во спротивно ќе ја поништи регистрацијата.

Член 32

По одлука на првостепениот орган (Регистрациона Комисија) може да се поднесе жалба до Управниот Одбор на БФСМ.

Управниот Одбор на Федерацијата е должен на првата седница да расправа по жалбата и писмено да ги извести подносителот.

Одлуката на Управниот Одбор е конечна.

За жалба до Управниот Одбор треба подносителот да уплати такса во износ од 3000 ден. (три илјади денари), во спротивно поднесенената жалба нема да се разгледува.

4.МЕЃУСЕБНИ ОБВРСКИ КЛУБ-БОРАЧ

Член 33

Меѓусебните права и обврски помеѓу клубот и борачот се регулираат со Договор кој го потпишуваат борачот и овластениот претставник на Клубот.

Договорот може да се склучи на една(1) или повеќе години, Договорот се доставува до БФСМ.

Со борачи помлади од 16 години може да се склучи договор за стипендија, спортско усовршување и членување во клуб потпишан од родител или старател.

Договорите се потпишуваат за време на преодниот рок.

5.ПРАВО НА ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 34

Клубот и борачот со договор ги регулираат меѓусебните права и обврски, а посебно прашањата за времетраењето на регистрацијата за клубот.

Поради неисполнување на условите од договорот, поради предвремен премин во друг клуб, согласно потпишаниот договор клубот има право да бара обештетување.

Клубовите меѓусебно се договараат за обештетувањето.

Минималната висина на обештетувањето на клубот ја одредува Управниот Одбор на Федерацијата пред почетокот на преодниот рок.

Член 35

Во случај на спор за висина на обештетувањето, се доставува барање за арбитража до Управниот Одбор на БФСМ, одлуката во рамките на арбитражата е конечна.

Член 36

Управниот Одбор на Федерацијата ја одредува минималната висина на обештетувањето, според Категоризацијата на борачите на Федерацијата за сите категории:

- Заслужен спортист на Македонија
- Спортист од светска категорија
- Спортист од меѓународна категорија
- Спортист од државна категорија
- Перспективни борачи и останати борачи

Член 37

За настап на наши натпреварувачи во странство, Федерацијата издава Сертификат, а за висината на административната такса одлучува Управниот Одбор на Федерацијата.

Член 38

Барањето за издавање на согласност за натпреваување во странство се поднесува до Управниот Одбор , а коомплетната документација треба да содржи:

1. Барање за натпреваување во странство,
2. Согласност на матичниот клуб,
3. Писмено одобрување од селекторот (ако е репрезентативец) на репрезентацијата дека е слободен да замине во странство за време на Олимпискиот циклус.

Член 39

Една година пред одржувањето на Олимписките Игри, борач на кого селекорот смета за учество, не му се издава дозвола за поминување во клуб во странство.

Член 40

БФСМ издава сертификат под услов, договорот што го има борачот за натпреварување во странство да има клаузула, дека борачот може да се натпреварува и подготвува за потребите на репрезентацијата.

Член 41

Клубот од каде борачот преминува во странство, има право на обештетување како надоместок на вложените средства за развој и афирмација на борачот.
При премин на борач во странство, ако истиот настапувал за кадетската, јуниорската или сениорската репрезентативна селекција на БФСМ, право на обештетување и имаи БФСМ.
Висината на обештетувањето на БФСМ ја одредува Управниот Одбор на Федерацијата.
Борачот кој поминува во клуб во странство, должен е да плати обештетување на клубот и на БФСМ.

6.НАТПРЕВАРУВАЧКА КАРТИЧКА

Член 42

Натпреварувачката картичка ќе се смета за уредна доколку за неа , клубот електронски во системот на БФСМ ги внел сите потребни и точни податоци за натпреварувачот и тоа:Име и Презиме,датум на раѓање,документ за идентификација(извод,пасош или лична карта) , лекарски преглед не постар од шест (6) месеци од здравствената организација која го извршила прегледот.
Секој борач пред почетокот на мерењето е должен да ја покаже натпреварувачката картичка пред судиите и делегатот на натпреварувањето. Во натпреварувачката картичка постои НФТ чип , кој помага за побррза проверка на податоците, со допир на картичката до уредот на судијата/делегатот се прикажуваат сите потребни податоци за натпреварувачот.
Податоците се обновуваат електронски.

7. ПРЕСТАНОК НА РЕГИСТРАЦИЈА

Член 43

Клуб се брише од регистрација ако :

- Се утврди неточност на податоците при регистација
- Се расформира
- Се фузира со друг клуб
- Надлежен орган на државата ја забрани работа на клубот
- Нема извршено пререгистрација на натпреварувачи во тековната година

Борач се брише од регистрација ако:

- Се утврди неточност при давање на податоци за регистрација
- Добие исписница за настап во странство

8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 44

Комисијата за регистрацијата изготвува записник за извршената работа и го доставува на Управниот Одбор на БФСМ, записнкот го парафира Претседателот на БФСМ.

Член 45

Толкување на овој Правилник дава Управниот Одбор на Федерацијата, измени и дополнувања може да се вршат на начин како во постапката за неговото донесување.

Член 46

Со донесување на овој Правилник престанува да важи претходниот Правилник за регистрација на Боречки Клубови и нивните членови во федерацијата

Член 47

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

БОРЕЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * Скопје *

Претседател на БФСМ
Дејан Богданов